# Приказна

Обичен ден, тргнав за на работа. Денот ми беше целосно испланиран за тоа кои активности треба да ги преземам во текот на денот.  Целата организација ја водев во својот локален календар(во телефонот). Голема потешкотија ми претставуваше ограничувањето на пристапот од само тој уред. По неколку дена од колегите дознавам за систем што се користи за закажување состаноци и сваќам дека ќе можам да го ажурирам од било каде и од било кој уред бидејќи работи преку интернет. Го разгледав целиот систем, направив корисничка сметка, креирав неколку состаноци и додадов неколку пријатели. Целиот систем функционира супер, пристигнува известување 15 минути пред закажан состанок, но нема опција за промена на тоа време. Сепак, го користам многу често и најмногу ми се допаѓа тоа што можам да додавам личности кои би биле вклучени во тој состанок.

# Концептуално сценарио

Лицете ќе биде во можност да комуницира со системот на многу лесен начин, лесно да се најави и лесно да креира состаноци. Ќе може да се пристапува од било каде и има можност за креирање на веб сајт и мобилна аплкација. Исто така, корисникот ќе може да прави преглед на следни состаноци, изминати состаноци, да пребарува состаноци по име, локација, учесници. Користикот ќе може да избери како ќе ги добива известувањата за наближување на состанок, каде како можности ќе бидат истакнати SMS порака или е-маил и опција за snooze notifications во неприкладно време. Би имало и можност за ажурирање на состанокот или негово откажување во случај да е креиран по грешка. Јазици кои би биле користени: македоснки, англиски.